Овој труд се заснова на емпириско истражување спроведено во 2015 година на правните факултети на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот во Тетово. Исто така, постојат компаративни истражувања со слични истражувања спроведени во Република Македонија во 1995 и 2003 година. Улогата на стереотипите во создавањето предуслови за меѓуетничките односи е еден од основните фактори за градење постојан мир и соживот во мултиетничките општества. Тенденцијата за уредување на социјалното растојание меѓу етничките групи во Република Македонија може да помогне во понатамошниот развој на социјалата и соработката меѓу заедниците. Исто така, анализираме и други различни фактори на влијание во меѓуетничките односи, социјалното опкружување, образованието, професионалните припадности и семејството итн.

***Проекти***

Д-р Денкова во целокупниот истражувачки период е вклучена во следните проекти:

27. Јадранка Денкова седумдневен престој како предавач на Универзитет во рамките на проектот Staff Mobility For Training, Erazmus mobility agreement University of LUMSA – Palermo, gest lecturer 15 -19 October 2018.
28. Јадранка Денкова, учесник во проект со назив: Project “Roma CSO Network-Roma Community - Response” Funded by European Union Training on “Mainstreaming of roma in local public policies” (2017).
29. Јадранка Денкова, член во истражувачки тим на научноистражувачки проект, под назив „Политички и демографски детерминанти на изборните модели во Република Македонија“, како главен истражувач проф. д-р Ананиев Јован и други членови на тимот, Страшко Стојановски, Ана Никодиновска и Лимонка Лазаревска, реализиран во рамките на Програмата за нучноистражувачки проекти при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2016).
30. Јадранка Денкова, член на тим на истражувачки проект со назив „Политика, административна и правна култура, на локално ниво на Република Македонија и Руската Федерација”, врз основа на договор склучен помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Универзитетот Воронеж, Руската Федерација и програмата за соработка (2016).
31. Јадранка Денкова  член на тим на истражувачки проект со назив „Капацитет за

партиципативност и транспарентност при носење на одлуки во единици на локална самоуправа во Источен плански регион“, реализиран во рамките на Програмата за научноистражувачки проекти при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како главен истражувач проф. д-р Ананиев Јован и други членови на тимот, Страшко Стојановски, Лимонка Лазаревска и Наташа Амиџу (2014).

32. Јадранка Денкова, *The World Justice Project Rule of Law Index 2014.* [Project] (2014).
33. Јадранка Денкова, *World Justice Project Rule of Law Index ® 2015.* [Project] (2015).
34. Јадранка Денкова, *The World Justice Project/Rule of Law Index 2012.* [Project]

***Завршна евалуација на наставно-педагошката и научноистражувачката дејност***

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-педагошката дејност Рецензентската комисија констатира дека д-р Јадранка Денкова е научник и истражувач од областа на науката за управата која со исклучителна стручност, професионалност и посветеност пристапува кон професијата.  Истата дава значаен придонес во образовната и научната мисла од именуваната област. Нејзините трудови се осврнуваат кон анализа на административното право и јавната администрација, административно-управната постапка, управувањето со човечките ресурси во јавната администрација, новиот јавен менаџмент, односите со јавноста и др. Учествувала на научни собири и работилници, во земјава и во странство, со трудови, усни презентации и поканети предавања од каде што се стекнала со бројни сертификати. Посебно е значајно да се нагласи нејзиното многубројно учество на научни конференции во странство од каде што се објавени бројни трудови. Присуствувала на конференции во Русија, Романија, Италија, Бугарија. Грција, Албанија, Србија, а во отсуство објавени и се трудови во Америка, Индија, Будимпешта итн. Во целокупниот истражувачки период има објавено околу 70 трудови, од кои околу 30 се објавени во научни списанија регистрирани во релевантните бази за списанија, Ebsco, Emerald, Scopus и др Во изборниот период д-р Јадранка Денкова била дел од тим во научноистражувачки проекти што се реализирани од страна на истражувачки тим при Правниот факултет во рамките на научноистражувачката програма на Универзитет „Гоце Делчев“, како и член на тим во проект со Универзитет од Воронеж, Руската Федерација. Учествувала во проект за Ромите финансиран од Европската Унија. Во рамките на програмата Еразмус + учествувала во програмата за мобилност на кадар како предавач на University of LUMSA – Palermo Италија. Од научноистражувачките проекти се објавени научноистражувачки трудови во релевантни научни списанија, каде што се прикажани оригинални научни резултати. Професор Денкова во образовниот процес се истакнува со внесување на нови методи интересни за студентите преку компилација на теоријата со праксата што се рефлектира со продуцирање на добри резултати кај студентите. Автор е на учебник „Административно право и административна постапка“, објавен во 2019 година. Автор е на дел од учебно помагало „Европска унија: право и политики“, делот Административно право на земјите во Европска Унија 2019.

Во рамките на образовните активности учествува и во самостојниот развој на студентите на првиот, вториот и третиот циклус на студии. Така, под нејзино менторство дипломирале на прв циклус студии околу 20 студенти. На втор циклус студии под нејзино менторство досега магистрирале повеќе од 25 студенти, а во моментот е ментор на 5 студенти запишани на магистерски студии. Покрај тоа, учествувала како член на комисија за одбрана на магистерски труд во повеќе од 25 комисии, а на додипломски студии во повеќе од 20 комисии. Била член на комисија за одбрана на докторски студии на два студенти. Во рамките на програмата „Еразмус+“ менторирала и оценила повеќе од 10 студенти.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Во изборниот период, д-р Јадранка Денкова ги има реализирано следниве стручни и организациско-развојни активности. Д-р Денкова била член во истражувачки тим на научноистражувачки проект, под назив „Политички и демографски детерминанти на изборните модели во Република Македонија“, во рамките на Програмата за научноистражувачки проекти при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (2016). Била член на тим на истражувачки проект со назив „Политика, административна и правна култура, на локално ниво на Република Македонија и Руската Федерација”, врз основа на договор склучен помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Универзитетот Воронеж, Руската Федерација и програмата за соработка (2016).

Учествувала како тренер во проект со назив: Project “Roma CSO Network-Roma Community - Response” Funded by European Union Training on “Mainstreaming of roma in local public policies” (2017).

Остварила престој како предавач на Универзитет во рамките на проектот „Staff Mobility For Training, Erazmus mobility agreement University of LUMSA – Palermo“, gest lecturer 15 -19 October 2018.

Учествувала со презентација на IV научен форум организиран од Северозападниот институт при Руската академија за стопанство и администрација при Претседателот на Руската Федерација на тема „Државно управување: улогата на граѓаните во воспоставување на дигиталната држава”, одржан во Санкт Петербург Руската Федерација, јуни 2019 г.

Раководител е на Катедрата за политички и правно-политичко науки.

Со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија е избрана како експерт за подготовка на прашања за испит на директори од областа на јавната администрација и комуникациите наменети за Академијата на судии и јавни обвинители.

Била избрана од страна на кабинетот на Претседателот на државата да даде научен придонес од областа на јавната администрација како рецензент на кандидати кои аплицираат за наградата „Најдобар млад научник”, што е воспоставена од страна на Претседателот на Република Македонија.

Била избрана за член на Универзитетскиот сенат како претставник за Правниот факултет во периодот од 19.10.2011 година до 24.12.2013 г.

Во рамките на својата наставно-научна дејност, досега била рецензент во комисии за избор во наставно-научни звања. Покрај тоа, била рецензент во 5 комисии за објавување на учебници и скрипти од страна на наставници од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и на членките на Универзитетот, како и промотор на дел од книгите.

Била избрана за рецензент на околу 15 анонимни рецензии на меѓународни трудови за научни списанија и научни конференции.

Била назначена во комисија за изработка на елаборати за прв и втор циклус на студии за Програмата јавна администрација.

Учествувала како член во Комисијата за самоевалуација што ја спроведува Правниот факултет.

Била назначена за член на Комисија за запишување на студенти на втор циклус на студии во учебните години од 2013 до 2019 година.

Била назначена за член на Комисијата за запишување на студенти на прв циклус на студии во учебната 2015/2016 и 2016/2017 година.

Била член на Комисијата за утврдување на плагијати за изданија на Правниот факултет од Катедрата на правно-политички науки.

Член е на Програмскиот комитет на Годишник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

Член е на Програмскиот комитет на зборникот од Меѓународната конференција

во организација на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип „Општествените промени во глобалниот свет што се одржува од 2014-2020 година.

Член е во Уредувачкиот одбор на списанието *Spiru Haret* University, Economic Series во Букурешт.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласоност со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги има поднесено сите потребни документи, истите се правно валидни и има потполна компетенција да биде наставник во научната област наука за управата. Д-р Денкова има континуитет во наставно-научната активност како вонреден професор во научната област во која била бирана. Кандидатката има богата наставно-образовна активност на двата циклуса на студии, била ментор на повеќе магистерски трудови одбранети на нејзиниот матичен факултет и во текот на изборниот период предавала предмети кои се во доменот на научната област наука за управата. Во своето досегашно научноистражувачко творештво има објавено околу 80 труда, а во изборниот период учебник административно право и административна постапка, дел од книга, 11 труда објавени во меѓународни списанија, осум труда објавени во 5 зборници од научни конференции во странство и 10 во земјата. Исто така, има активности како истражувач во научноистражувачки проекти. Покрај тоа, кандидатката има богата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Дава голем придонес во развојот на Универзитетот преку нејзините активности како раководител на катедра, изработка на елаборати, член на стручни тела и други стручни комисии. Од приложените активности може да се заклучи дека кандидатката има 214 бодови од научноистражувачката активност и образовна дејност и 51 бод од стручно-апликативна и организациско-развојна активност, односно вкупно 305 бодови, во согласност со табелата за бодирање на активностите. Има богата научноистражувачка и наставно-образовна активност како вонреден професор во областа науката за управата и значајна стручно-апликативна и организациско-развојна активност. Станува збор за кандидатка со високи научни, наставни и стручни капацитети и има дадено голем придонес во развојот на науката за управата. Врз основа на горе посоченото, Рецензентската комисија има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на Правен факултет да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат, кандидатката вонреден професор д-р Јадранка Денкова да ја избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област наука за управата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Темелко Ристевски**, редовен професор во пензија претседател, с.р.

**Д-р Бајрам Положани,** редовен професор во пензија член, с.р.

**Д-р Марика Ристовска,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| 1. | Избор во звање вонреден професор | 1 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Дел од монографија или научна книга | 1 | 6 | | | 6 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание | 8 | 54 | 3 | 27 | 81 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 10 | 20 | 5 | 15 | 35 |
| | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | | | 1 | 3 | 3 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | | | 2 | 4 | 8 |
| | Учесник во научен проект | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание | 2 | 2 | 1 | 2 | 6 |
| | Одбранет магистерски труд | 15 | 60 | | | 60 |
| | Рецензент на научен труд | 10 | 10 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **214** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | Книга/учебник | 1 | 10 | | | 10 |
| | Елаборати и експертизи | 2 | 4 | | | 8 |
| | Раководител на катедра/оддел/ центар | 1 | 3 | | | 3 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти | 2 | 5 | | | 10 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 10 | 2 | | | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **51** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **305** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ТЕОРЕТСКИ И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ТОЧНОСТА НА РОБОТИТЕ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПРОИЗВОДИ ОД КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р САМОИЛ САМАК, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 0206-509/5 од 14.10.2020 година донесена на 34. седница, одржана на 14.10.2020 год., на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 (биотехнички, техничко-технолошки и природно-математички науки) при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Теоретски и експериментални истражувања на точноста на роботите применети во индустријата за производство на производи од композитни материјали”, во состав:

- **проф. д-р Винета Сребренкоска** – претседател,
- **проф. д-р Владимир Дуковски** – член, интерен ментор,
- **проф. д-р Зоран Ивановски** – член, екстерен ментор,
- **проф. д-р Сашо Коцески** – член и
- **проф. д-р Светлана Ристеска** – член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледувањето на докторската дисертацијата, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација е презентирана на 155 страници и ги содржи следниве делови: Содржина, Краток извадок, Проблематика на истражувањето, Моделирање – математички модели, Експериментални истражувања, Анализа на резултатите од експерименталните истражувања, Алгоритми за компензација. Верификација на резултатите, Заклучок, Референци. На крајот е дадена листа на табели - вкупно 33 и листа на слики – вкупно 63.

Во *Проблематика на истражувањето* се презентирани композитните материјали и технологии, автоматизација во индустрија на композитни материјали, точност на роботите, со приказ на релевантните меѓународни стандарди ISO 230 и ISO 9283, точноста на роботите применети во производство на производи од композитни материјали, како и актуелните истражувања во областа на точноста на индустриските роботи со детална разработка на волуметриска калибрација и параметарска калибрација.

Во *Моделирање – математички модели* се разработени кинематските модели, вклучувајќи ги кинематскиот модел според Денавит-Хартенберг (DH) конвенцијата, кинематски модел според теоријата на винт (Screw Theory), моделот на робот поставен на дополнителна линеарна оска, како и модел со негеометриски параметри. Во овој дел следи и моделирање на грешките, како и идентификација на параметри кај делумната калибрација, кај целосната калибрација на сите геометриски параметри, како и целосна калибрација со вклучени негеометриски параметри. Разработена е и калибрација на конфигурација од робот поставен на линеарна оска. На крајот е прикажана оптимизационата постапка со дефинирање на функцијата на целта и градиентен алгоритам за оптимизација.

Во *Експерименталните истражувања* е прикажана опремата за изведување на мерењата и софтверски алатки, како и сопствено развиената дополнителна опрема за мерење на ориентација. Претставена е машинска конфигурација со роботот KUKA KR500 и ATL глава како алат, која е главна алатка на истражувањето на оваа докторска дисертација.

Во поглавјето *Анализа на резултатите од експерименталните истражувања* на почетокот е разработена Делумната калибрација (алгоритам за одредување на параметрите на алатот), каде што се разгледани претходните истражувања за точностите при одредување

на параметрите на алатот, итеративната постапка за одредување на параметрите на алатот – прва итерација, верификацијата на алгоритамот за делумна калибрација – втора итерација. Покрај тоа, реализиран е избор на репрезентативни множества од положби – множество за калибрација и множество за валидација. Следува целосната калибрација – алгоритам за одредување на 30 геометриски параметри, каде што е направена анализа на резултатите со идентификација на геометриските параметри на целото множество од положби за калибрација, со детална анализа на отстапките во позиција и ориентација. Прикажани се тестот за ортогоналност, како и тестот за точност на патека и тестот за бидирекционално полагање. Следува алгоритамот за целосна калибрација со вклучени негеометриски параметри. Во овој дел е вклучен и алгоритам за целосна калибрација со вклучени негеометриски параметри со анализа на резултатите со идентификација на параметрите на целото множество од положби за калибрација, потоа се прикажани анализите на отстапките во позиција и ориентација. Посебно е значајна вкрстената анализа на резултатите со кластерирање на множествата од положби со анализа на резултатите добиени над целото множество од положби за калибрација, како и врз секој кластер од положби за валидација, одделно, како и вкрстена анализа на резултати добиени со оптимизација над податоците од еден кластер. На крајот од оваа глава е направена анализа со вклучување на грешките од дополнителна линеарна оска.

Последната, петта глава, се занимава со *Алгоритмите за компензација. Верификација на резултатите* во која е разработен Итеративен нумерички алгоритам за компензација, како и верификација на резултатите од експерименталното истражување, со верификација на резултатите од алгоритамот за одредување на 30 геометриски параметри, како и верификација на резултатите од алгоритамот за целосна калибрација со вклучени негеометриски параметри.

**Предмет на истражување и краток опис на применетите методи**

Истражувањата на точноста на роботите веќе подолго време претставуваат фокусна точка не само на научните институции, туку уште повеќе и на компаниите кои произведуваат роботи, како и на оние кои ги користат. Ова е посебно важно за одреден број на примени на роботите, како што се роботите користени во медицината, технологиите за композитни материјали, авиоиндустријата, вселенските истражувања итн.

Истражувањата реализирани во оваа дисертација се занимаваат со основите на теоријата на точност на роботите применета во областа на композитните материјали, посебно кај делот на роботи со ротациски оски, кои доминираат во апликациите во индустријата и пошироко и кои претставуваат посебен предизвик во однос на анализата и калибрацијата на нивната точност.

Сопствените истражувања резултираа со разработени алгоритми и симулации со кои прецизно се моделира и анализира точноста на роботите, а кои се верифицирани со значителен број на експериментални истражувања. Истражувањата покажуваат огромен потенцијал за подобрување на точноста на роботите, базирани на развиените оригинални алгоритми и експерименталните техники со високософистицирана мерна техника. Ова не само што е новина за нашите простори, туку претставува и висок предизвик и за пошироката истражувачка заедница која се занимава со проблематиката на точност на роботите и нивната примена во индустријата на композитни материјали и производи.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Целта на оваа докторска дисертација беше да се разработат калибрациски алгоритми за унапредување на точноста на робот од типот 6R со AFP/ATL глава, кои ќе бидат сеопфатни и ќе ги опфаќаат сите чекори од процесот на калибрација, при што резултатите ќе бидат експериментално потврдени. Развиени се, истражени и претставени резултатите од имплементација на следниве алгоритми:

1. Алгоритам за делумна калибрација на робот, со калибрирање на 6 параметри.
   Со оглед на тоа што производителите на индустриски роботи нудат дополнителни модули за поголема точност на роботот, тестиран е AA (absolute accuracy) модулот на робот KUKAKR360 на тој начин што се идентификувани нови, калибрирани

вредности на шесте параметри на AFP/ATL главата употребена како алат.

2. Алгоритам за целосна калибрација на робот со калибрирање на 30 геометриски параметри на индустриски робот KUKA од типот 6R, при што освен грешките во позицијата на крајниот алатот на роботот – вкупната позициска грешка, се минимизираат и грешките во ориентацијата, при што управувањето на роботот се врши преку неговите координати.
3. Алгоритам за целосна калибрација на робот со калибрирање на 30 геометриски и 5 негеометриски параметри кои се однесуваат на крутоста на членовите на индустриски робот од типот 6R. Овој алгоритам се разликува од претходниот само по вклучувањето на негеометриските параметри што се однесуваат на крутоста и овозможува споредба на резултатите од двата алгоритми и процена на влијанието на негеометриските параметри врз точноста на роботот.
4. Хибриден алгоритам за калибрација на машинска конфигурација составена од 6R индустриски робот поставен на линеарна оска, во кој се комбинираат методите на волуметриска калибрација на геометриските грешки зависни од позицијата (според ISO 230) стандардот со методите на параметарска калибрација опишани во претходните две цели.

**Конечна оценка на докторската дисертација**

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација може да се заклучи дека трудот е успешно завршен, а проблематиката од теориски аспект систематично е разработена. Добиените резултати од направените истражувања во докторската дисертација се јасно презентирани, систематизирани и анализирани, а целта на истражувањето е успешно реализирана.

Преку теоретски, истражувачки и научен пристап е направено поврзување на истражувањето во еден целосен труд. Трудот е јасно напишан на научно и стручно ниво, со јасни анализи и дискусии на резултатите, како и нивно јасно презентирање во форма на табеларни податоци, графички прикази и сликовито.

Добиените резултати од истражувањата се објавени во меѓународни списанија и во зборници на трудови од меѓународни конференции.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот пред одбраната на докторскиот труд ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови.

**Трудови објавени во зборници на меѓународни научни конференции и во индексирани меѓународни научни списанија:**


**1.** **Samoil Samak**, Svetlana Risteska, Vladimir Dukovski, Sase Trajkoski, Some Experimental Investigation of Products from Thermoplastic Composite Materials Manufactured with Robot and LAFP,International Journal of Engineering Research & Technology (IJERT), September 2020 Vol. 9 (Issue). ISSN 2278-0181

**2.** Svetlana Risteska, AnkaTrajkovska Petkoska, **Samoil Samak,** Marian Drienovsky, Annealing Effects on the Crystallinity of Carbon Fiber-Reinforced Polyetheretherketone and Polyohenylene Laminate Composites Manufactured by Laser Automatic Tape Placement, February 2020 Materials Science 26(3):308-316 DOI: 10.5755/j01.ms.26.3.21489

**3.** Biljana Kostadinoska, Svetlana Risteska, Blagoja Samakoski, **Samoil Samak**, Nikolce Romevski, Influence of process parameters in production of resin film on Kevlar fabric prepreg ICAT’19 8th International Conference on Advanced Technologies, Bosnia and Herzegovina, August 26-30, 2019 Sarajevo.

**4.** Dimovski, I., Trompeska, M., **Samak, S.,** Dukovski, V., Cvetkoska, D. “Algorithmic approach to geometric solution of generalized Paden-Kahan subproblem and its extension”, International Journal of Advanced Robotic Systems, 2018:I-II, DOI:10.1177/1729881418755157, SAGE,2018.

5. **Samak, S.,** Dimovski, I., Trompeska, M., Hristoski, M., Kochoski, F., Dukovski, V.“Computerbased simulation and validation of robot accuracy improvement method and its verification in robot calibration procedure”, ETAI 2018 International Conference, ETAI Society of Macedonia, 2018.
6. Cvetkoska, D., Dimovski, I., **Samak, S.,** Trompeska, M., Dukovski, V. “Using Constrained Multi- Optimization in Design of Composite for Filament Wound High Pressure Vessels”, International Journal of Mathematics Trends and Technology (IJMTT) – Volume 61 Number 2, DOI:10.14445/22315373/IJMTT-V61P516, 2018.
7. Capeska, Svetlana and Risteska, Svetlana and **Samak, Samoil** and Kostadinoska, Biljana (2017)Impact of the technological parameters for the production of UD prepreg. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 20 (5). ISSN 2545-4439.
8. Dimovski, I., **Samak, S.,** Trompeska, M., Hristoski, M., Dukovski, V. “Influence Of Each Of The Geometric Errors On The Total Displacement Error Of The Machine”, IEEE EUROCON 2017, 17th International Conference on Smart Technologies (pp. 866-869), DOI:10.1109/EUROCON.2017.8011234, 2017.
9. **Samak, S.,** Dimovski, I., Trompeska, M., Dukovski, V. “Avoiding heavy computations in inverse calibration procedure for 7 DOF robot manipulator”, Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, Vol. 1, No.1-2, pp.37-43, ISSN 2545–4250, 2016.
10. **Samak, S.,** Dimovski, I., Dukovski, V., Trompeska, M. “Volumetric calibration for improvingaccuracy of AFP/ATL machines”, 7th International Scientific Conference on DefensiveTechnologies OTEH, Beograd 2016.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација „Теоретски и експериментални истражувања на точноста на роботите применети во индустријата за производство на производи од композитни материјали“ пријавена и изработена од кандидатот м-р Самоил Самак донесе заклучок дека истата претставува **самостојна научна работа со оригинални научни истражувања и значајни резултати**.

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација може да се заклучи дека проблематиката систематично е разработена и е пристапено кон реализација на сите поставени цели и истите се реализирани. Експерименталните истражувања во голем дел ги потврдуваат теориските сознанија, а преку направените експерименти и анализа на добиените резултати кандидатот се здобил со сознанија и познавање за одредени теоретски и експериментални методи за истражување на индустриските роботи, како и со познавање на научните методи за истражување на точноста на роботите применети во индустријата на композитни материјали, посебно во роботизираните AFP/ATL технологии.

Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторски труд.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Теоретски и експериментални истражувања на точноста на роботите применети во производство на производи од композитни материјали” изработена од Самоил Самак и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Винета Сребренкоска** – претседател, с.р.
**Проф. д-р Владимир Дуковски,** член, интерен ментор, с.р.
**Проф. д-р Зоран Ивановски,** член, екстерен ментор, с.р.
**Проф. д-р Сашо Коцески,** член, с.р.
**Проф. д-р Светлана Ристеска,** член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПОВЕЌЕФАЗНО МОДЕЛИРАЊЕ НА ОРУДНУВАЊЕТО ВО БОРОВДОЛСКИОТ БАКАРЕН ПОРФИРСКИ СИСТЕМ” ОД М-Р ЛАЗАР ЃОРЃИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип на својата 54. седница (електронска), одржана на 14.10.2020 год., донесе Одлука бр. 0206-509/4, од 14.10.2020 год., со која се формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Повеќефазно моделирање на орудувањето во Боровдолскиот бакарен порфирски систем”, пријавена и изработена од кандидатот м-р Лазар Ѓорѓиев, дипл. инж. геолог, во состав:

- **проф. д-р Орце Спасовски** – претседател (Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип);
- **проф. д-р Виолета Стефанова** – член (Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип);
- **проф. д-р Горан Тасев** – член (Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип);
- **проф. д-р Тодор Серафимовски** – ментор и член (Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип);
- **проф. д-р Матеј Доленец** – екстерен ментор и член (Наравнословнотехнишки факултет, Универзитет во Љубљана, Словенија).

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Структура на трудот**

Докторската дисертација е презентирана на 304 страници и ги содржи следните делови: Вовед; Преглед на литературата; Цел на истражувањето; Методи на истражувачката работа; Главни металогенетски единици во Република Северна Македонија и Кенозојска металогенија на нејзиниот источен дел; Регионална геотектонска поставеност на рудниот реон Бучим-Дамјан-Боров Дол во рамките на Балканскиот геодинамички модел; Морфоструктурни карактеристики и размери на рудниот реон Бучим-Дамјан-Боров Дол, Геолошка градба и терциерен магматизам во рудниот реон Бучим-Дамјан-Боров Дол; Интегрално моделирање на бакарното-порфирско наоѓалиште Боров Дол; Генеза на бакарното-порфирско наоѓалиште Боров Дол; 3Д моделирање на бакарното порфирско наоѓалиште Боров Дол; Заклучок и Користена литература. Докторскиот труд содржи 135 графички прилози (слики) и 25 табели. Користената литература брои 69 библиографски единици.

**Предмет и цели на истражувањето**

Истражувањето во овој докторски труд за свој предмет и цели има научно засновани, ефикасни и детални проучувања на карактеристиките на геолошките средини во кои е сместено бакарното порфирско наоѓалиште Боров Дол, да се воочат и поблиску да се дефинираат регионалните контролни фактори и просторната разместеност на рудната минерализација од аспект на магматогениот критериум (генетска и парагенетска поврзаност на терциерниот магматизам и рудната минерализација), структурниот и литолошкиот критериум. Согледувањето на процесите кои доведуваат до одлагање на бакарната порфирска минерализација во наоѓалиштето Боров Дол и објаснувањето на основните карактеристики на хидротермалните рудоносни раствори е истражувано и потврдувано преку одредбата на потеклото на матичната магмата, потеклото на рудните метали, потеклото на водата од која се образувани хидротермалните рудоносни раствори,

одредбата на механизмите на мобилизација на рудните метали од примарните извори, должината и условите на транспортирање на рудните компоненти, квантификација на минералните фази настанати од рудоносните флуиди, одредба на стабилноста на издвојувањето на минералните асоцијации и битните карактеристики на склопот (структури и текстури). Исто така, посебно внимание било посветено на одредбата на вертикалниот и хоризонталниот распон на рудната минерализација, вертикалната и латералната зоналност на минералните асоцијации и контролни фактори на таа зоналност, а секако и појави кои го следат создавањето на наоѓалиштето (хидротермалните алтерации, дисколорацијата и сл.). Секако, со една ваква докторска дисертација се отвораат низа нови прашања кои и понатаму остануваат отворени, што бара да се продолжи со истражувачката работа на ова наоѓалиште.

**Методологија на истражување**

Методите на истражување во оваа докторска дисертација се засноваат на докази преку добиени, теренски, лабораториски и кабинетски информации. Овие податоци се расчленети, со цел да се потврди или отфрли поставената хипотеза. Методолошкиот пристап при обработката на земените материјали со теренските истражувања коинцидира со однапред дефинираната технологија по која се вршени истражувањето и проучувањето на земените материјали. Како што веќе посочивме во делот на опробувањето применетата аналитика е во непосредна зависност од потребите за неопходните информации за кои се врши комплетната постапка на истражување и проучување. За добивањето на информациите за потеклото на магмите се користени геохронолошки методи од редот на $^{87}Sr/^{86}Sr$ и Sr/Nd со кои се добиени податоци за потеклото на магмите, а K/Ag и Ar/Ar методите биле користени за добивање на податоци за староста на карпите и орудувањето. ICP-AES и ICP-MS се геохемиските методи со кои биле одредени ретките елементи и елементите на ретките земји (REE). Поларизационите студиски микроскопи од типот Leica со сопствена дигитална камера и софтверска поддршка, како и студискиот скенинг електронски микроскоп (тескан) биле користени за дефинирање на минералната асоцијација во наоѓалиштето. Рендгено-структурните испитувања биле користени за дефинирање на типовите на алтерации, додека проучувањето на гасно-течните инклузии било извршено на апаратура LINKAM THMS 600 која овозможува податоци за хомогенизација и декрепитација, вклучувајќи го и составот на рудоносните флуиди. Испитувањето и проучувањето на стабилните изотопи е вршено на современи масени спектрометри PE SCIEX Elan 6100 DRC ICP-MS. 3D моделирањето на орудувањето во наоѓалиштето Боров Дол ќе се врши со специјализирани софтверски програми од типот на Target 3D, развиен за Target за ArcGIS системот. Во целокупниот период на изработка на докторскиот труд била користена најновата академска литература, при што прегледот на литературата во овој труд се заснова на последните академски истражувања во оваа област.

**Анализа на одделните делови од докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов „Повеќефазно моделирање на орудувањето во Боровдолскиот бакарен порфирски систем" од кандидатот м-р Лазар Ѓорѓиев е конципирана на научна основа и како што рековме е содржана во 11 основни поглавја и уште голем број на континуирано градациски подредени потпоглавја кои се во функција на појаснување на добиените резултати и нивната научна оправданост. Првиот дел од докторската дисертација се однесува на просторното и временско дефинирање на положбата на наоѓалиштето Боров Дол во рамките на покрупните геотектонски и металогенетски единици во рамките на регионалниот истражуван геолошки склоп. Врз основа на добиените научни сознанија од спроведените истражувања на просторот на наоѓалиштето Боров Дол е потврдена неговата припадност во контактните делови на Српско-македонскиот масив и Вардарската зона, односно неговата металогенетска припадност на зоната Леце-Халкидики која е во рамките на крупната Српско-македонска металогентска провинција. Од основните геолошки фактори кои влијаат на просторниот распоред на порфирската бакарна минерализација во наоѓалиштето Боров Дол кандидатот

ги дефинирал поставките на морфоструктурната анализа, потоа литофацијалните фактори и секако магматскиот фактор кој го вклучува развојот на Терциерниот магматизам на просторот на рудниот реон Бучим-Дамјан-Боров Дол со кого парагенетски се поврзани порфирските минерализации на бакар во наоѓалиштето Боров Дол. Палеогените туфни седименти само ја дополнуваат геолошката градба на теренот и ја чинат спецификата на екран за рудоносните раствори, кои на просторот на наоѓалиштето Боров Дол одиграле и важна улога за просторното разместување на рудната минерализација.

Покрај регионалните и локални геолошки структурно-металогенетски фактори кои придонеле за дефинирање на просторниот распоред на минерализацијата на локалноста Боров Дол, посебен придонес при истражувањата на кандидатот чинат неколку базни столбови кои научно ја исфундирале оваа докторска дисертација. Геохемиското моделирање го чинат еден од првите столбови кои ја даваат дистрибуцијата на главните и придружни метали латерално и вертикално во просторот каде што се сместени порфирските бакарни оруднувања. Користењето на современиот софтвер Surfer на компанијата Golden Software овозможи моделирање на податоците и дефинирање на модел на дистрибуција на бакарот и златото со можност за проценка на сегашната состојба и оцена на потенцијалноста на деловите кои досега не беа зафатени со базните истражувања и најновите истражувања на Боров Дол.

Проучувањето на типовите на алтерации со примена на најсовремените методи на истражување од редот на дифракциони податоци придонеле да се изврши моделирање на типовите на алтерации во наоѓалиштето Боров Дол и истите да се искомпарираат со слични истражени наоѓалишта во регионот и светот. Корелативните врски се со висок степен на импакт, а добиените модели за наоѓалиштето Боро Дол по првпат ја даваат сликата за експанзијата на рудоносните и придружни постмагматски раствори на еден поширок ореол на расејување околу оруднетиот простор.

Минералните асоцијации се дефинирани преку проучувања на новите достапни материјали, преку најновите дупчења, а испитувани со скенинг електронски микроскоп. Даден е придонес во дефинирањето на нови минерални фази. Изработен е модел на парагенетско групирање на главните и придружните минерали кои го сочинуваат оруднувањето во наоѓалиштето Боров Дол, а одделните констатации и заклучоци дадоа и директен придонес во дефинирањето на генетскиот модел на наоѓалиштето.

Проучувањето на стабилните изотопи, гасно-течните инклузии, елементите на ретки земји, во комбинација со изотопите на стронциумот и геохронолошките податоци за основните стенски комплекси претставуваат подлога за изработка на генетскиот модел, за што беа користени и соодветни нови технологии на испитувања на истражувања, испитувања, анализа и пресметка со интерпретација на добиените податоци. Проучувањето на различните типови на детерминирани инклузии особено дефинирање на високотемпературните инклузии во кои се измерени температури преку 500$^{o}$C и висок салинитет дадоа информација дека рудоносните раствори во комбинација со искалкулираните притисоци водат потекло од длабина нешто поголема од 2 km со висок степен на растворливи компоненти во себе и еволуција низ средини кои го збогатиле системот со $CO_2$ и овозможиле дополнителна миграција на главните и придружните компоненти до местото на нивното депонирање, каде што и денес ги наоѓаме. Дефинираниот генетски модел претставува исклучителен придонес во науката базирана на веродостојни примероци земени од различни нивоа во наоѓалиштето Боров Дол, а испитувани со најсовремени методи во лабораториите во земјата и во аналитичките центри во Канада, Норвешка, САД, Велика Британија и др.

Финален дел на спроведените истражувања претставуваат 3D моделирањата на податоците од сите досегашни истражувања во порфирското бакарно наоѓалиште Боров Дол, каде што беа применети современи софтверски пакети од редот на Move 3D софтверот на компанијата Midland Valley, како и софтверскиот пакет Vulcan на компанијата Maptek, кои овозможија 3D димензионален преглед на орудувањата во наоѓалиштето Боров Дол со посебно ставен акцент на дистрибуцијата на бакарот и на златото во третираниот минерализиран простор. Ова се недвосмислено први вакви податоци за наоѓалиштето Боров Дол кои неспорно отвораат и нови видувања и нови сознанија за евентуални

понатамошни истражувања на овој потенцијален простор како вертикала така и по латерала.

**Заклучни согледувања и препораки**

Врз основа на теренските истражувања, прегледот на најновата литература од обласста, користените аналитички, односно инструментални методи кои се користат во геологијата од кандидатот при истражувањата предмет на оваа докторска дисертација насловена „Повеќефазно моделирање на орудувањето во Боровдолскиот бакарен порфирски систем" може да индицираат повеќе заклучоци. Имено, потврдено е дека порфирската минерализација на бакар во рудното наоѓалиште Боров Дол е просторно и генетски поврзана со терциерни вулкански интрузиви кои во временската рамка од 27.0 до 24.0 Ма се пробиле на површината. Потоа, своја потврда добил и фактот дека орудувањето во Боров Дол е во вид на прстен околу ситнозрниот амфиболско-биотитски стерилен андезит, а орудувањето просторно е сместено во крупнозрнестите сиво-бели андезити. Комплексните минералошките испитувања потврдиле дека како главен рудоносен минерал се јавува халкопиритот, по кој следуваат серии на сулфиди и сулфосоли. Испитувањата на стабилните изотопи на сулфур ($\delta^{34}S$ од -7,52 до +0,72‰ со просечна вредност од -2,24‰) потврдиле дека рудната минерализација претежно има ендогено потекло. Одредбата на потеклото на рудните метали и нивната еволуција во хидротермалните системи од магмата до местото на орудување било овозможено со резултатите од анализите на стабилните изотопи на јаглерод ($\delta^{13}C$ во опсег од +16,82 до +21,72‰) и на кислород ($\delta^{18}O$ во доменот од -6,31 до +0.04‰), а што е протолкувано како показател на магматските хидротермални флуиди со изразено влијание на метеорската вода. Температурите на орудување на главните минерални парагенези биле утврдени со анализа на флуидните инклузии и истите се во опсег од 500 до 600°C (оксидна минерализација Fe-Ti), 400-490°C (преципитација на пирит и халкопирит), потоа 360-320°C и пониски од овие (за доцните минерални асоцијации на бизмутинит, енаргит, пецит и на други минерали). Флуидните инклузии, исто така, дале информација за карактерот на транспортот на рудните компоненти кој најверојатно се одвивал преку водните флуиди во вид на хлоридни комплекси и многу ретко преку сулфатите и карбонатите. Еволуцијата на терциерниот магматизам и потеклото на магмата се дефинирани со резултатите добиени при анализата на изотопните соодноси на $^{87}Sr/^{86}Sr$ (0,706584-0,706811) и изотопните соодноси на $^{143}Nd/^{144}Nd$ (0,512480-0,512497) кои го потврдуваат мешањето на магмата, односно контаминацијата на континенталната кора, односно помешување на астеносферските растопи со метасоматизирана магма, што ја отвора можноста за постоење на субдукционен лаковит магматизам. На крајот од овој дел сакаме да потенцираме дека во овој труд е направена и проценка на порфирските минерализации на бакар во наоѓалиштето Боров Дол преку тридимензионално моделирање на геологијата, деформираните структури и геохемиската распределба на елементите од интерес со помош на софтверските пакети од редот на Target 3D, развиена за Target за ArcGIS системот, за да се добие еден подобар увид на рудно-генетските процеси и истражувачкиот потенцијал.

**Научен придонес на истражувањето**

Моделирањето на наоѓалиштата на минерални суровини претставува тренд во денешни услови како на светско така и на домашно ниво. Трендот на мултифазно моделирање на рудоносните процеси е значаен уште во фазата на најраните проспекциски истражувања, бидејќи за да се спроведат успешни геолошки истражувања во делот на наоѓалиштата на минералните суровини неопходно е дефинирање на генетскиот тип на орудувањето од што најнепосредно зависат и новите методологии и технологии за бараната минерална суровина. Геолошките модели на тектониката на теренот, моделите на алтерациите на карпите, моделот на геохемиските и геофизичките проучувања се во директна функција на моделирање на морфолошкиот тип на орудување, на моделирањето на рудоносните процеси, ја скратува вертикалната рамка на дефинирање на просторниот распоред на рудната минерализација. 3D моделирањата се тренд во денешното осознавање на просторното генетско и временско разместување на орудувањето во времето и

просторот. Повеќефазното моделирање кое ги вклопува во себе геохемиските модели, геофизичките модели, моделите на хидротермалните алтерации, генетскиот модел и 3D моделот за целокупното наоѓалиште Боров Дол се вредностите на оваа дисертација која на научната фела ѝ нуди еден сосема нов пристап во истражувањето и проучувањето на наоѓалиштата од ваков тип.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатот м-р Лазар Ѓорѓиев ги има објавено следниве научноистражувачки трудови:

- Gjorgjiev, L., Serafimovski, T., Jovanov, K., (2020): 3D modeling of the Borov Dol porphyry copper deposit, Republic North Macedonia. Geologica Macedonica, Vol. 34, No. 1, pp. 69–84.
- Gjorgjiev, L., Rogan-Šmuc, N., Serafimovski, D., Dolenec, M. (2019): Contribution to the widening and confirmation of the mineral association in the Borov Dol ore deposite, based on SEM analysis. Geologica Macedonica, Vol. 33, No. 2, pp. 99–109.
- Serafimovski, T., Tasev, G., Strmić Palinkaš, S., Palinkaš, A. L., and Gjorgiev, L., (2016): Porphyry Cu mineralization related to the small Tertiay volcanic intrusions in the Bučim ore deposit, Eastern Macedonia for ore-forming processes. Geologia Croatica, Vol 69/1, pp. 89-101.
- Gjorgiev, L., Serafimovski, T., Filev, K., Tasev, G., (2016): Overview of the natural parameters from the geological-economical evaluation of the Borov Dol ore deposit, Republic of Macedonia. Third Congress of Geologists of Republic of Macedonia 2016, Struga. Special editions of Geologica Macedonica, No. 4, pp. 621-628.
- Serafimovski, T., Christidis, C., Serafimovski, D., Tasev, G., Ligovski, M., Ivanovski, I., Gjogiev, L., (2016): 3D modeling of some copper deposits in the Republic of Macedonia. Third Congress of Geologists of Republic of Macedonia 2016, Struga. Special editions of Geologica Macedonica, No. 4, pp. 605-612.
- Filev, K., Serafimovski, T., Gjorgiev L., Tasev, G., Mitev, M., Stojanov, M., (2016): The Vrshnik ore body a positive example for exploration, exploitation and filling in the Buchim copper mine, estern Macedonia. Third Congress of Geologists of Republic of Macedonia 2016, Struga. Special editions of Geologica Macedonica, No. 4, pp. 613-618.

**Апликативен придонес**

Спроведените теренски, лабораториски и кабинетски истражувања придонесоа преку предметната докторска дисертација да се дефинираат многу значајни прашања поврзани со создавањето и просторното разместување на бакарните оруднувања на просторот каде е локализирано наоѓалиштето Боров Дол. Воедно добиените нови сознанија за геохемиските, геофизичките, минералошките, хидротермалните алтерации, генетските модели и 3D моделирањата отворија нови видици како за оруднувањата така и за иднината за насочување на новите доистражувања на овој простор, а добиените графички модели можат да послужат и како терк при истражување на вакви слични простори со евентуална потенцијалност на порфирска бакарна минерализација.

**Начин на пишување и изнесување на материјата**

Тука сакаме да потенцираме дека пишување на докторски труд е процес кој е стандардизиран со основните постулати на создавање на научно дело. За чин на пишување на докторскиот труд кандидатот се подготвува за време на целокупните студии во кои се вклучени и соодветни дисциплини за обука во таа насока и совладување на стручната и научната методологија. Текстот на предметната докторска дисератација технички коректно е обликуван. Дисертацијата е напишана во согласност со образложението наведено во пријавата на темата, а секако е во согласнот и со насоките дадени во работното упатство за изработка на трудови (проектни задачи, дипломски, специјалистички, магистерски и докторски) од студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (ОМДС.РУ. 01, Вер. 2). Кандидатот пишувањето на докторскиот труд го извел фазно и континуирано, при што

акцептирал неколку значајни поглавја кои влегуваат во структурата на трудот, а непосредно се зависни од текот на аналитичките истражувања и добивањето на оперативните податоци. Кандидатот уште при поставувањето на целите и методолошкиот пристап за изработка на оваа дисертација покажал не само желба за реализација на едно успешно научно дело од доменот на наоѓалиштата на минерални суровини, туку и постави високи норми со реализација на сите истражувања во рамките на докторската дисертација. Редовно биле следени научните фази во текот на истражувањата чии патокази биле теренските истражувања, лабораториските испитувања и кабинетските обработки на податоците при што се користени современите софтверски пакети применети при повеќефазните моделирања на наоѓалиштето Боров Дол. Како последица на таа етапност денес имаме докторска дисертација која на најсовремен начин ги има дефинирано поставените цели и наоѓалиштето Боров Дол, го воздигна во редот на светски дефинираните рудни наоѓалишта со прикажаните најнови повеќефазни модели. Како што веќе и на неколку наврати напоменавме кога се образложуваа и главните постигнувања на дисертацијата и овде уште еден пат ќе акцентираме дека дисертацијата продуцираше многу нови информации кои до денешен ден беа непознати за наоѓалиштето или пак добар дел на постарите податоци комбинирани со поновите истражувања продуцираа еден сосем нов приказ кој наоѓалиштето Боров Дол го издигна на едно повисоко ниво, гледано од научен аспект.

**Конзистентност на деловите во рамките на целината**

Дисертацијата во форма и обем како што е завршена ги содржи сите формални, практични, законски и научни елементи кои со право ја вбројуваат во новонастанато научно дело. Таа ги содржи сите атрибути на еден современ научен труд кој е продукт на фазни обработки на податоците почнувајќи од историскиот бекграунд, преку реализација на теренските истражувања, испитувањата во современите лабораториски центри, интерпретацијата со примена на современите софтверски пакети, до компилација и креација на податоците кои овозможија повеќефазно моделирање на наоѓалиштето Боров Дол. Притоа се користени и библиографските податоци согласно со практицирањето и нивното значење во прегледот и компилирањето на сите досегашни и најнови податоци за наоѓалиштето Боров Дол.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Повеќефазно моделирање на оруднувањето во Боровдолскиот бакарен порфирски систем", изработена од кандидатот м-р Лазар Ѓорѓиев, донесе заклучок дека истата претставува оригинално научно истражување, со значајни резултати и препораки. Презентираниот материјал во докторската дисертација и спроведените научни и практични истражувања, анализи и дискусии, врз кои се темелат заклучните согледувања и препораки од кандидатот, претставуваат значаен придонес во научната литература која ја третира истражуваната проблематика, односно лежиштата на минерални суровини од овој тип.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Повеќефазно моделирање на оруднувањето во Боровдолскиот бакарен порфирски систем", изработена од кандидатот м-р Лазар Ѓорѓиев и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Орце Спасовски** – претседател, с.р.
**Проф. д-р Виолета Стефанова** – член, с.р.
**Проф. д-р Горан Тасев** – член, с.р.
**Проф. д-р Тодор Серафимовски** – ментор и член, с.р.
**Проф. д-р Матеј Доленец** – екстерен ментор и член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКИОТ ТРУД СО НАСЛОВ „ФАКТОРИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ГРАДСКИОТ ТУРИЗАМ ВО ЗАПАДНИОТ РЕГИОН НА КОСОВО“ НА М-Р АНЕЛА ЏОГОВИЌ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип донесе Одлука за одобрување на насловот на докторската дисертација бр. 0206-610/2 од 28.6.2018 година, објавена во Универзитетски билтен број 214 од 2.7.2018 година, со која се усвојува барањето и се формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд со наслов „Фактори и можности за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово“ на кандидатката м-р Анела Џоговиќ во состав:

**проф. д-р Златко Јаковлев,** претседател,
**проф. д-р Билјана Петревска,** член,
**проф. д-р Никола В. Димитров,** член,
**проф. д-р Благоја Маркоски,** екстерен ментор, член и
**проф. д-р Цане Котески,** ментор, член.

Комисијата во наведениот состав по прегледувањето на докторскиот труд го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација е напишана на 318 страница и ги опфаќа следниве поглавја: Вовед; Цел на работа; Хипотези на истражување; методологија на истражување; Работен план и структура; Историски развој на туризмот во Западниот регион на Косово; Географска положба на Западниот регион на Косово; Можности за развој на туризмот во Западниот регион на Косово; Урбанизацијата и градскиот туризам; Западниот регион на Косово; Статистика на регистрирани стопански субјекти во Западниот регион на Косово; Стратешки аспекти на потенцијалната работа во туризмот; Туристичка понуда и побарувачка за туризам; Приказ на резултатите од истражувањето; **Заклучок**; Препораки; Прилози; Анкетни прашалници и Литература.

Докторската дисертација е збогатена со 91 табела, 128 слики, 12 тематски карти, 75 графикони, 9 шематски прикази и 151 референци со користена литература, законска регулатива и интернет извори.

Во оваа дисертација се презентирани резултатите добиени од истражувањето за *факторите и можностите за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово* од гледна точка на туризмот. Направено е истражување со користење на првиот анкетен прашалник на 720 испитаници од западниот регион на Косово, од кои 458 се машки и 262 се женски испитаници.

Според образовната структура на испитаниците имаме: 26 се доктори на науки, 102 се магистри, 220 се со високо образование со три години, 324 испитаници се со ССС и 30 испитаници се со основно образование до деветолетка. Со вториот анкетен прашалник за менаџери се анкетирани: 102 се машки, 10 се женски, 15 се со ССС, 61 се со високо образование со три години, 36 се магистри, 87 се домашни туристи и 25 се странски туристи. За третиот анкетен туристички прашалник се анкетирани 720 жители од кои 491 се машки, 229 се женски 23 се со основно образование, 45 се со ССС, 308 се со факултет со три години, 115 се магистри, 22 се докторанди и 7 се доктори на науки.

Докторската дисертација се фокусира на описот на Западниот регион на Косово на неговите природни, културни и приемни ресурси, како и за нови можности за развој на градскиот туризам. Во Западниот регион постојат шест града: Пеќ, Ѓаковица, Клина, Јуник, Дечани и Исток. Од кои Исток, Клина и Дечани припаѓаат на Општината Пеќ, а Ѓаковица и Јуник се заедно.

Западниот регион на Косово има потенцијал за развој на градскиот туризам, но треба да се вложи многу повеќе за да се надополни и да се подобри постојната состојба. Сите шест града се опкружени со планини, езера, реки, мостови, културно наследство

и како такви претставуваат голем потенцијал за развој на градскиот туризам. Градскиот туризам вклучува патувања поврзани со градски посети. Овие посети можат да бидат поврзани со различни елементи, како што се: разгледување, купување, посети на роднини и пријатели, деловни причини, забава и друго. Насловот на темата кажува дека Западниот регион на Косово има можности и потенцијали за развој на градскиот туризам затоа што последователно се претставени градовите од овој регион, она што привлекува туристи и природната убавина што ја нудат. Резултатите добиени од истражувањето покажуваат дека градскиот туризам во Западно Косово е развиен, но се потребни и нови инвестиции за подобрување на веќе постојната состојба за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово.

Авторот најнапред го дефинирал концептот за туризам и градскиот туризам, а во продолжение зборувал за Западниот Регион на Косово и за тоа како се развивал туризмот. Кога станува збор за развој на туризмот, прво авторот го дефинирал туризмот од универзален аспект: „Туризмот подразбира збир на врски и феномени што се резултат на патувањето на посетителот на места, доколку нема друга активност со неговиот престој, што значи дека тие посетуваат разни туристички места и дестинации за рекреација и релаксација, а не за профит“. А потоа и турист: „Турист е лице кое патува помалку од 12 месеци надвор од своето живеалиште и неговата главна функција е да посетува различни места и да не остварува профит“.

Под градски туризам авторот истакнува дека се подразбираат сите форми на туризам што се одвиваат во околината на градовите. Градскиот туризам вклучува и патувања поврзани со посети на големите или малите градови. Оваа посета може да биде од различни причини: разгледување, шопинг, посети на роднини или пријатели, деловни причини, култура, забава итн. Тие вклучуваат високо ниво на концентрирани услуги и објекти, голем број на настани, спортски настани, едукација и така натаму. Косово нема директен пристап до море, а земјата се карактеризира со претежно ридско-планински терен, поволни климатски услови, како и повеќекратни природни, културни и историски ресурси што претставуваат основа на неговите туристички ресурси.

За Западниот регион на Косово посочува дека одржливиот развој на туризмот треба да се заснова на природните ресурси и културното наследство, фактори што претставуваат конкурентна предност на регионот. Овој регион, како и секој друг дел од Косово, се соочува со различни предизвици, како резултат на недостатокот на инвестиции за економскиот развој.

*Културниот туризам* во Западниот регион на Косово претставува еден од најголемите потенцијали за развој. Сепак, неговата експлоатација и промоција е доста тесна. Постојат разни културни настани што се одржуваат во градовите на Косово кои привлекуваат голем број домашни и странски туристи. Покрај овој туризам, вреди да се спомене и екотуризмот.

*Екотуризмот* се прошири од единствена, незначителна база на еколошки и социјални патувања до патувања кои имаат природни компоненти. Во поширока смисла, екотуризмот нуди можности за развој и можности за финансирање на заштитените подрачја. Потребно е диференцирање на мали групи со посебни интереси во однос на оние со голем обем кои ги поврзуваат празниците на планина со еднодневна посета на природните резерви, како и нивните искуства и забави за одмор.

Западниот регион на Косово ги опфаќа своите 6 општини, т.е. градовите: Пеќ, Ѓаковица, Дечани, Исток, Клина и Јуник. Секој град е опишан поединечно, притоа за секој град се објаснети главните знаменитости и културни вредности.

Можеме да кажеме дека туризмот во Косово е една од гранките на економијата што брзо се развива во изминатите децении. Ова значи дека туризмот се проценува како една динамична област од големо значење за развој и подобрување на заштитените природни области, особено за националните паркови и другите вредности на културниот развој. Она што е најважно истакнува авторот е да им се понуди на туристите она што најмногу ги интересира, за да ги задоволат нивните потреби и желби и затоа целокупниот бизнис и имплементацијата на сите стратегии да бидат успешни.

Главна цел на авторот е да утврди кои се тие фактори и какви можности му овозможуваат на Западниот регион на Косово за развој на градскиот туризам.

Истото авторот го апострофира дека може тоа да го постигне со примена на специфични стратегии и стратешки цели за да откријат кои видови туризам постојат и како тие влијаат на секој град поединечно. Авторот, исто така, го илустрирал културното и историското наследство што е значајно за целиот Западен регион на Косово.

Резултатите добиени од истражувањето ја потврдуваат основната хипотеза, дека вредностите на градскиот туризам и историското и културното наследство во Западниот регион на Косово имаат позитивен ефект врз побарувачката за туризам. Авторот во својата докторска дисертација ги користел следниве методи: туристичко-географски методи, статистичко-математички методи и картографски методи.

***Структура на трудот***

Докторскиот труд со наслов **„Фактори и можности за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово“** претставува обид од научен аспект да се одговори на прашањето, кои се условите и перспективите за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово. Оваа дисертација претставува обид од научен аспект да се одговори на прашањето: какви се условите и перспективите за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово?

Да се одговори на наведеното прашање не е лесно, ниту пак едноставно.

Одговоротнапоставенотопрашањеќеседобиесопродлабоченоиповеќедимензионално истражување. Во истражувањето ќе се примени соодветна истражувачка методологија базирана на сериозна, сеопфатна и систематска научна анализа на повеќе фактори на влијание.

Дисертацијата е структурирана во IX поглавја кои се систематизирани, меѓусебно поврзани и заемно се надополнуваат едни со други, со што се добива една научна целина од која може да се добие одговорот на горепоставеното истражувачко прашање.

*Во првото поглавје* од докторската дисертација со наслов *Историски развој на туризмот во Западниот регион на Косово,* каде што авторот најнапред го елаборира населението во Косово, човечки ресурси и пазар на трудот, развој на земјоделството и економијата, сообраќајна инфраструктура на Западниот регион на Косово, патен сообраќај, железнички сообраќај и воздушен сообраќај.

*Второто поглавје* е насловено како Г*еографска положба на Западниот регион на Косово* каде што ги прикажува општите податоци за Западниот регион на Косово, релјеф и клима.

*Третото поглавје* е со наслов *Можности за развој на туризмот во Западниот регион на Косово,* во кое авторот ги објаснува природните ресурси на Западниот регион на Косово, потоа антропогените ресурси на Западниот регион на Косово и културните ресурси на регионот.

*Во четвртото поглавје* на дисертацијата со наслов *Урбанизацијата и градскиот туризам* ги истакнува основни карактеристики на градскиот туризам, атракции на градовите како туристички дестинации, имплементација на стратегијата за градски туризам и проблеми што влијаат на градскиот туризам.

*Во петтото поглавје* од дисертацијата со наслов *Западниот регион на Косово* авторот најпрво го истакнува: Развојот на туризмот и неговите потенцијали, Перспективи за развој на Општина Пеќ, Историски развој на градот Пеќ, Географска положба на Пеќ, Население, Настани во градот Пеќ, Анибар, Традиционални руговски игри, Меѓународна литературна средба Азем Шкрељи, Културни ресурси на градот Пеќ, Регионален етнолошки музеј, Споменикот на Хаџи Зека во Пеќ, Старата чаршија во градот Пеќ, Џамијата Бајракли, Џамијата Хамам, Воденицата на Хаџи Зека, Амамот на Хаџи-бег, Кулата на Зенел Беут, Католичката црква („Света Катарина“), Пеќска патријаршија, Угостителски објекти, Хотелот Дукаѓини, Хотелот Чардак, Хотелот Семитроних, Хотелот Камп Карагач, Ресторанот Ера, Ресторанот Трофта е Дринит, Ресторанот Ујевара е Дринит, Ресторанот Анес Дринит, Историски развој на Општина Ѓаковица, Географска положба на Општина Ѓаковица, Население во Општина Ѓаковица, Културни ресурси на градот Ѓаковица, Саат кулата во Ѓаковица, Етнографски музеј во Ѓаковица, Црквата „Св. Павле и св. Петар“, Црквата „Св. Ндоут“, Католичката црква во Ѓаковица, Џамијата Хадум, Џамијата на

Махмут-паша, Ресторанот Табхана, Кулата на Хусни Коши, Кулата на Авдулах-паша Дрени, Џамијата Кусари, Угостителски објекти, Хотелот Метропол, Хотелот Паштрику, Општина Јуник, Географска положба на Општина Јуник, Историски развој на градот Јуник, Културното наследство на Јуник, Џамијата Чок, Кулата на Авдул-хоџа, Кулата на Рама Зубери, Кулата на Јахе Имери, Џамијата Андалузија, Воденицата (Валалница) во Јуник, Угостителски објекти во Јуник, Ресторанот Мороника, Ресторанот Трофта Јуник, Ресторанот Еренику, Хотелот Рио де Жанеиро, Хотел - ресторанот Ода е Јуникут, Географска положба на Општина Дечани, Историска развој на Општина Дечани, Културно наследство на Општина Дечани, Манастирот Високи Дечани, Воденицата на Шабанај, Дечанска џамија, Кулата на Демукај, Кулата на Мазрекај, Кулата на Осдаутај, Угостителски објекти во Општина Дечани, Хотел-ресторанот Курора, Хотел-ресторанот / пицерија Грука, Општина Клина, Историски развој на Општина Клина, Географската положба на Општина Клина, Население на Општина Клина, Културно наследство на Општина Клина, Католичка црква во Клина, Католичка црква во с. Злакуќан во Општина Клина, Џамија во градот Клина, Кулата на Садик Рама, Тврдината Долц, Угостителски објекти во Општина Клина, Хотел - ресторанот Ујевара е Мирушес, Општина Исток, Минерално богатство на Општина Исток, Културно богатство на Општина Исток, Воденицата на Чељ Шабанај Бицај, Црковниот храм на св. апостол Петар и Павле (1929 - 1933 г.), Старата џамија во Исток од Мула Курта (1730 г.), Угостителски објекти во Општина Исток, Хотелот Трофта, Туристичката локација на Источна Река и Хотелот Оних.

*Шестото поглавје* од дисертацијата е насловено како *Статистика на регистрирани стопански субјекти во Западниот регион на Косово,* во кое ги прикажува компаниите со правен статус, Поделба на стопанската активност според големината на претпријатијата, Претпријатија според географската положба и стопанската активност, Управување со менаџери во дадени компании, Хотелски фирми и нивна структура и Угостителски капацитети.

*Во седмото поглавје* од дисертацијата со наслов *Стратешки аспекти на потенцијалната работа во туризмот* најнапред ја елаборира стратегијата за развој на туризмот, Примена на законот и неговите принципи и Поддршка од институциите.

*Во осмото поглавје* од дисертацијата со наслов *Туристичка понуда и побарувачка за туризам* ги презентира туристичката понуда и туристичката побарувачка.

*Во деветтото поглавје* од дисертацијата дава приказ на резултатите од истражувањето и дескриптивна статистика на теренските истражувања. Во заклучокот се сублимирани главните резултати кои кандидатот ги осознава во текот на научноистражувачкиот процес како резултат на спроведените, теренски и кабинетски истражувања и анкетирањето на туристите од секторот туризам во Западниот регион на Косово. Заклучни согледувања се поврзани со хипотезите. Дава препораки, анкетен прашалник и последниот дел се однесува на цитираната литература која е користена во оформувањето на докторската дисертација.

***Оцена на кандидатот***

Кандидатката м-р Анела Џоговиќ има завидни резултати за време на своето формално образование на прв и втор циклус на студии и покажа интерес да го работи докторскиот труд со цел да даде детален приказ за потребата од проектирање на стратегија за развој на туризмот на Косово, со осврт на урбаниот туризам. Преку овој докторски труд на кандидатката м-р Анела Џоговиќ ќе се даде значаен придонес за збогатување на научното-теоретско и практично проучување, како и унапредување на квалитетот на работењето кој претставува предуслов за успешна бизнис перспектива на косовскиот туристички бизнис. Кандидатката м-р Анела Џоговиќ пред одбраната на докторскиот труд „Фактори и можности за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово“ ги има објавено следните рецензирани истражувачки трудови:

1. **Dzogovic, Anela** and Koteski, Cane (2019) *Role and importance of the development of contemporary tourism in the Peja.* In: Challenges of tourism and business logistics in the 21 st century, The 2nd international scientific Conference, Book Abstract, pp.12, **ISBN 978-608-244-440-6,** 13 Sept 2019, Stip, Republic of North Macedonia. www.ugd.edu.mk, www.ftbl.ugd.edu.mk, Abstract Book pp.12.

2. **Dzogovic, Anela** and Koteski, Cane (2018) *Development of urban (city) tourism in Kosovo.* International scientific journal Micro Macro & Mezzo Geo Information (10). International Scientific Journal Micro Macro&Mezzo Geo Information, **ISSN: 1857-9000;EISSN:1857-9019**.,http://mmm-gi.geo-see.org/journal/volume10, **DOAJ**https://doaj.org/article/fc287693e7ec479ea63d20e1765a2094, **UDC:338.486:711.4(497.115) DOI: 10.13140/RG.2.2.33302.04164**, Google Scholar, pp. 36-45, June, 2018. No.10.
3. **Dzogovic, Anela** and Koteski, Cane and Muharemi, Rialda (2018) *Policy implementation and tourism development in Kosovo.* Socio Brains, International scientific refereed online journal with impact factor (41). **ISSN 2367-5721,** JANUARY 2018, Google Scholar pp. 138-144. HOMEPAGE : www.sociobrains.com
4. Jakovlev, Zlatko and Muharemi, Rialgaand **Dzogovic, Anela** (2018) *Culture and cultural differences in the world.* International scientific refereed online journal with impact factor, Socio Brains, **ISSN 2367- 5721**, Journal home page: www.sociobrains.com, ISSUE 41, JANUARY 2018, Pg. 151-154.
5. **Dzogovic, Anela** (2017) Tourist offer Peja. First International Scientific Conference ISCTBL CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS IN THE 21ST CENTURY»ISCTBL 2017« http://eprints.ugd.edu.mk/18912/, **ISBN 978608-244-465-9**, 24-25 October 2017, Macedonia – Gevgelia, Google Scholar, pp. 145-151.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија од досега изнесеното констатира дека докторската дисертација со наслов **„Фактори и можности за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово**“ од кандидатката м-р Анела Џоковиќ претставува самостоен и оригинален научен труд изработен во согласност со позитивните законски прописи и правилниците за изработка на докторски труд на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Презентираниот материјал во докторската дисертација и спроведените истражувања на кои се темелат заклучните согледувања и препораките од кандидатката го отсликува современиот пристап во создавањето на научните дела во доменот на туризмот и угостителството што воедно претставува придонес во науката и практичната применливост во оваа сфера.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Фактори и можности за развој на градскиот туризам во Западниот регион на Косово“ од кандидатката м-р Анела Џоговиќ и да ѝ овозможи на кандидатката јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Златко Јаковлев,** претседател, с.р.
**Проф. д-р Билјана Петревска,** член, с.р.
**Проф. д-р Никола В. Димитров,** член, с.р.
**Проф. д-р Благоја Маркоски,** екстерен ментор, член, с.р.
**Проф. д-р Цане Котески,** ментор, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ЕЛЕКТРОМАГНЕТИКА“ ОД ПРОФ. Д-Р ВАСИЛИЈА ШАРАЦ И АС. ДОКТОРАНД М-Р БИЛЈАНА ЧИТКУШЕВА-ДИМИТРОВСКА, ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1802-58/6 од 157. редовна седница на Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет, одржана на 24.9.2020. година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **д-р Весна Беличанска-Чешелкоска**, редовен професор на Технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола;
- **д-р Татјана Атансова-Пачемска**, редовен професор на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ЕЛЕКТРОМАГНЕТИКА” од авторките д-р Василија Шарац, редовен професор и м-р Билјана Читкушева-Димитровска, асистент докторанд,** наменет за студентите на прв циклус студии на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот за учебното помагало **„Збирка задачи по електромагнетика“** од авторките **проф. д-р Василија Шарац *и* ас. докторанд м-р Билјана Читкушева-Димитровска,** наменет е за студентите на Електротехнички факултет, како основно учебно помагало по предметот **Електромагнетика**.

Овој предмет, според новата наставна програма, е предвиден како задолжителен предмет во VI семестар на I циклус на студии за сите студенти на Електротехничкиот факултет, со неделен фонд на часови 2+2+1.

Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во целост ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет, ги покрива сите области од предметот Електромагнетика според доделената акредитација за истиот, според кое истиот може да биде прифатен како основно учебно помагало – збирка задачи за предметот Електромагнетика.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот за учебникот **„Збирка задачи по електромагнетика“** од авторките проф. д-р Василија Шарац и ас. докторанд м-р Билјана Читкушева-Димитровска е напишан на македонски јазик, содржи вкупно 139 страници, компјутерски среден текст, што овозможува лесно следење на презентираниот материјал.

Низ целиот текст на збирката, авторите даваат систематизиран пристап кон третираните области преку постепено внесување на студентите од полесни кон потешки задачи и примери со цел полесно и поефикасно разбирање и совладување на материјалот. Целиот ракопис е изработен на високо техничко ниво. При изработката на трудот кандидатите навеле и голем број библиографски единици, од кои мнозинство припаѓаат на релевантна стручна и научна литература од домашни и странски автори.

Обемот и содржината на ракописот се во склад со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Содржината на ракописот за учебното помагало **„Збирка задачи по електромагнетика“** по предметот

**Електромагнетика,** како задолжителен предмет во шести семестар за студенти на сите насоки на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови 2+2+1, е целосно соодветен на усвоениот наставен план и програма и е логично структурирано и води во насока на остварување на поставената цел и задачи на авторките.

Слично учебно помагало од соодветната област постои во рамките на издавачката дејност на останатите универзитети во земјава и тоа на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Ова учебно помагало генерално ги следи наставните планови и програми на соодветниот факултет и универзитет и не е целосно во склад со наставниот план и програма на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Понудената збирка задачи по предметот Електромагнетика целосно е приспособена на фондот на часови 2+2+1 според соодветно добиената акредитација за овој предмет. Соодветно на тоа, сметаме дека ова учебно помагало е целосно и соодветно приспособено на потребните и барањата на студентите од I циклус студии на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Понудениот ракопис концизно и прецизно им овозможува на студентите да се запознаат и да го совладаат предметот Електромагнетика и соодветно да ги прошират своите знаења и познавања од областа на електромагнетиката во склад со потребите на современиот инженерскиот кадар.

**Краток опис на содржината:** Приложениот ракопис за учебното помагало „Збирка задачи по електромагнетика“ од авторките проф. д-р Василија Шарац и ас. докторанд м-р Билјана Читкушева-Димитровска содржи вкупно 139 страници текст, систематизиран во шест глави и користена литература.

Сите делови од предметниот ракопис се меѓусебно поврзани во една целина и ги прикажуваат во целост проблематиката и прашањата од областа на електромагнетиката за кои авторите сметаат дека треба да бидат изучувани од страна на студентите по електротехника. Основна цел која авторите ја следат во подготовката на овој ракопис е запознавање на студентите со основите на електромагнетиката и здобивање на знаења од истата која воедно претставува и важен дел како во електротехниката, така и од секојдневниот живот.

Во првиот дел насловен *Електростатичко поле во вакуум,* авторките разработуваат поголем број на проблеми поврзани со определување на електростатичкото поле од неподвижни полнежи со примена на векторска анализа како и Гаусовиот закон во интегрална форма. Пресметките на електростатичкото поле и електричниот скалар потенцијал се направени и со користење на Поасоновата и Лапласовата диференцијална равенка. Дадени се повеќе примери на пресметка на електростатичкото поле од точкести полнежи, како и од површински и волуменски распределени полнежи на тела со различни геометриски форми.

Во вториот дел *Електростатичко поле во присуство на диелектрици* авторките се задржуваат на пресметка на електричното поле и електричниот скалар потенцијал во средини каде што се присутни диелектриците.

Во третиот дел *Стационарно струјно поле* авторките даваат примери на пресметка на напонот и струјата со помош на првот Киркохов и Омов закон во интегрална форма. Исто така се дадени поголем број примери на пресметка на напонот на чекор и отпорноста на распостранување на различни видови на заземјувачи.

Во четвртиот дел под наслов *Стационарно магнетно поле* авторките обработуваат примери од пресметка на магнетната индукција, магнетниот вектор потенцијал и магнетното поле кое е резултат на различни видови на проводници.

Во петтиот дел *Квазистационарно магнетно поле* се обработени примери од пресметка на флуксот и индуцирана електромоторна сила кај различни видови на проводници. Обработени се и примери од пресметка на коефициенти на меѓусебна индуктивност и сопствената индукстивност кај два различни проводници, како и примери од пресметка на енергијата на магнетното поле.

Последниот дел е *Користената литература*, во кој авторите наведува библиографски единици што ја разработуваат проблематиката што е предмет на ракописот на учебното помагало.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на понудената содржината и оценката за квалитетот и соодветноста на третираните теми релевантни на областа електротехника, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис од авторките проф. д-р Василија Шарац и ас. докторанд м-р Билјана Читкушева-Димитровска под наслов **„Збирка задачи по електромагнетика“** одговара на критериумите за квалитет и приспособеност на наставните планови и програми и соодветно на тоа му предлага на **Наставно-научниот совет на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип:**

1. **Да го прифати Извештајот за содржината, оценката и предлогот на ракописот под наслов „Збирка задачи по електромагнетика“ изготвен од авторките проф. д-р Василија Шарац и ас. докторанд м-р Билјана Читкушева-Димитровска;**
2. **Да го одобри издавањето и користењето на ракописот „Збирка задачи по електромагнетика“ изготвен од авторките проф. д-р Василија Шарац и ас. докторанд м-р Билјана Читкушева-Димитровска како учебно помагало по предметот Електромагнетика.**

**Рецензенти**

**Д-р Весна Беличанска-Чешелкоска,** редовен професор, с.р.
**Д-р Татјана Атанасова-Пачемска,** редовен професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно-научниот совет на докторски студии**

| Докторски студии - Кампус 3 | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| | 1. Процена на интра и постопертивниот тек при операција на катаракта во релација со различни пупиларни дилататори (Evaluation of intra and postoperative course of cataract surgery in relation to various pupillary dilators) | 0206-507/7 од 21.10.2020 г. | Интерен ментор – проф. д-р Ивона Ковачевска; екстерен ментор - проф. д-р Драган Веселиновиќ | Наум Трпеновски |
| | 2. Воведување на метода за обележување и контрола на квалитет на 99mTc-Tectrotyd, радиофармацевтик за визуелизација на невроендокрини тумори (Introduction of 99mTc-Tectrotyd marking and quality control method, radiopharmaceutical for visualization of neuroendocrine tumors) | 0206-507/6 од 21.10.2020 г. | Интерен ментор – проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска; екстерен ментор – проф. д-р Дашнор Небија | Арменд Јашари |
| | 3. Предвидување на хумана фармакокинетика на конјугирани моноклонални антитела преку компјутерско моделирање на фармакокинетика од анимални модели (Prediction of human pharmacokinetics of conjugated monoclonal antibodies by computer modelling of the pharmacokinetics on animal models) | 0206-507/5 од 21.10.2020 г. | Интерен ментор – проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска; екстерен ментор – проф. д-р Ицко Ѓоргоски | Зана Рустеми |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4. | Независни прогностички и предиктивни фактори кај ран стадиум луминал А и луминал Б карцином на дојка (INDEPENDENT PROGNOSTIC AND PREDICTIVE FACTORS IN EARLY LUMINAL A AND LUMINAL B BREAST CANCER) | 0206-507/4 од 21.10.2020 г. | Интерен ментор – проф. д-р Милка Здравковска; екстерен ментор – проф. д-р Гордана Петрушевска | Марија Караколевска-Илова |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Факултет | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | Претприемништвото – протагонистичка детерминанта за експоненцијален раст на малиот бизнис | 1202-61/6 од 13.5.2020 г. | Проф. д-р Елена Веселинова | Зорица Здравева |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | Општи и специфични лабораториски тестови за дијагностицирање на наследни коагулопатии (хемофилија и WILLEBRANDOVA болест) | 2002-186/6 од 19.10.2020 г. | Проф. д-р Невенка Величкова | Анѓела Адраманова |
| **ТЕХНОЛОШКО ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | Дизајнирање на композитни ламинати за примена во автомобилската индустрија | 2302-75/6 од 19.10.2020 | Проф. д-р Винета Сребренкоска | Емилија Славкова |